**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**
**Филијала ______________________**

**ДОГОВОР**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИОНА СМЕТКА / ИД БРОЈ _________**
**НА ПРАВНО ЛИЦЕ - НЕРЕЗИДЕНТ**

Склучен на ден ________________________помеѓу:

**1.СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ** (во натамошниот текст: СБ) и

**2.**__________________________________________________________________________
(назив на нерезидент)
адреса на нерезидентот ____________________________________________________
Седиште ____________________, даночен број________________________________
Основна дејност __________________________________________________________
Законски застапник________________________________________________________
(во натамошниот текст: комитент)

**Предмет**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските помеѓу СБ и Комитентот во врска со начинот на отворање, водење и затворање на девизна и денарска трансакциона сметка/ИД број.

**Начин на отворање на сметка**

**Член 2**

СБ на Комитентот му отвора девизна и денарска трансакциона сметка / ИД број од преамбулата на овој договор.

Со девизната и денарската трансакциона сметка / ИД број се поврзани девизни и денарски конта со подсметки за различни валути, со различни рокови на достасување и за различни производи, проекти и намени согласно потребите на комитентот и актите на СБ за депонирање на девизни и денарски средства на нерезиденти.

**Член 3**

СБ ја отвора девизната / денарската трансакционата сметка / ИД број од член 1 на овој договор на барање на Комитрентот и со презентација на:

1) Извод од трговскиот регистар или друг регистар каде што се води евиденцијата за правните лица во земјата во која е регистриран субјектот не постар од 6 месеци, од кој може да се утврди датумот на неговото основање, називот, адресата, седиштето и дејноста која ја врши

2) за лицата овластени за работа со сметките на правното лице:
- лична исправа и
- писмено известување потпишано од законскиот застапник

3) за дипломатско претставништво на странска земја или претставништво на меѓународна организација
- документ издаден од Министерството за надворешни работи на Република Македонија и
- полномошно на одговорното лице во претставништвото

**Член 4**

За отворено девизно / денарско конто по сметки во одредена валута, за одреден производ и со одреден рок на депонирање (по видување или орочени), во рамките на трасакционата сметка / ИД бројот СБ со комитентот склучува договор согласно карактеристиките на производот и му издава соодветен документ во кој се содржани податоците на Комитентот.

**Овластување.**

**Член 5**

Комитентот може во моментот на отворање на девизна / денарска трансакциона сметка /ИД број да овласти друго лице / други лица за работење со средствата на девизнота / денарската трансакциона сметка / ИД број.

Комитентот може во моментот на отворање на девизната / денарската сметка / ИД број да овласти друго лице / други лица за работење со сите или дел од девизните / денарските конта со подсметки за различни валути и за различни производи.

Во случај комитентот да не постапи согласно став 2 на овој член при склучување на договорот од член 4 на овој договор може да овласти друго лице / други лица за работење со девизното / денарското конто со подсметка за соодветната валута и соодветен производ за кој склучува договор

Повлекување на овластувањето од став 1, 2, и 3 на овој член се врши само врз основа на писмено барање на сопственикот на сметката.

**Работење со девизната / денарската сметка**

**Член 6**

На девизните конта отворени под трансакционата сметка / ИД број на комитентот од преамбулата на овој договор комитентот може да врши:

- наплати на девизни средства од странство,
- уплати на девизни средства купени на пазарот на странски платежни средства во СБ/банка за свои потреби,
- уплати во ефективни странски пари согласно прописите
- плаќања во девизи спрема странство и плаќања во девизи во земјата на сметки на резиденти и нерезиденти,
- подигње ефективни странски пари за потреби во земјата и во странство,
- продажба на девизните средства од девизната сметка на пазарот на странски платежни средства во СБ

На денарските конта отворени под трансакционата сметка / ИД број на комитентот од преамбулата на овој договор комитентот може да врши:

- уплати во ефективни денари стекнати согласно прописите,
- наплати од платниот промет во земјата од резиденти/нерезиденти согласно прописите
- стекнување денари од продажба на девизи на пазарот на странски платежни средства,
- плаќања во земјата на резиденти/нерезиденти согласно прописите,
- подигање на ефективни денари,
- други потреби согласно прописите.

**Член 7**

СБ ги извршува налозите за плаќање врз основа на налог потпишан од комитентот / овластеноо лице и приложена соодветна документација.

Плаќањето од став 1 на овој член се врши од средствата на девизното / денарското конто , поврзано со трасакционата сметка / ИД број, на начин и под услови утврдени со прописите кои се однесуваат на девизното/ денарското работење и платниот промет со странство и во земјата.

СБ ги извршува налозите за плаќање од денарското конто истиот ден кога е доставен налогот со потребната документација, а од девизното конто истиот ден кога е доставен налогот со потребната документација а најдоцна наредниот работен ден, согласно прописите за платниот промет со странство/ земјата.

СБ ги спроведува налозите за уплата односно наплата на денот на уплатата односно приливот.

**Член 8**

За спроведените приливи и одливи од соодветните девизни/ денарски конта СБ на барање на Комитентот му доставува извод за тековната состојбата на начин утврден со договорот за отврање на соодветното девизно / денарско конто.

За доставување на изводи за состојба на девизно / денарското конто постара од една година на барање на Комитентот, СБ наплатаува надоместок согласно Тарифата на СБ за надоместоци.

**Камата и надоместоци**

**Член 9**

На состојбата на средствата на девизните и денарските конта СБ пресметува и плаќа камата со примена на каматни стапки утврдени во Одлуката на СБ за каматните стапки и истите се променливи.

Каматата на денарските конта се пресметува и се исполаќа во денари, а на девизните конта се пресметува и исплаќа во девизи. Исплатата на каматата се врши на сметката одредена од комитентот во договорот за соодветниот производ, проект и намена од соодветното конто, во договорената валутата.

Со пресметаната и исплатена камата, комитентот слободно располага.

**Член 10**

СБ пресметува и наплатува надоместоци од комитентот по основ на работење со отвореното девизно конто под ИД број утврдени со Тарифата на СБ за надоместоци и тоа:

- приливи од странство 0,1% од износот минимум 300 денари и фактички трошоци100 денари
- плаќања во странство и на сметки во домашни банки до 0,3% (по рангови) минимум 250 денари и 350 денари СЊИФТ трошоци, а за износ до 50 ЕУР само трошоци за СЊИФТ
- трошоци за недостасување на ИБАН број 600 денари
- трансфери во корист на сметки на домашни правни и физички лица до 0,3% од износот минимум 250 денари
- уплата на ефективни странски пари 0,35% од износот на денарската проиввредност минимум 180 денари
- исплата на ефективни странски пари 0,44% од износот на исплатата минимум 10 ЕУР
- фактички трошоци со кои е задолжена СБ од странска банка за конкретна наплата / плаќање
- издавање извод за состојба на сметка од минати години 150 денари по страна
- други трошоци утврдени во Тарифата за надоместоци во зависност од видот на услугата што се врши

СБ пресметува и наплатува надоместоци од комитентот по основ на работење со отвореното денарско конто под ИД број утврдени со Тарифата на СБ за надоместоци и тоа:

- трансфери на денари по налог на комитентот 0,27% од износот минимум 250 денари
- уплата на ефективни денари на сметка на комитентот 0,1% минимум 350 денари
- исплата на денари во ефектива 0,27% од износот минимум 350 денари
- издавање извод за состојба на сметка од минати години 150 денари по страна
- други трошоци утврдени во Тарифата за надоместоци во зависност од видот на услугата што се врши

Надоместоците што ги наплатува СБ се променливи и се утврдуваат со Тарифата на СБ за надоместоци

**Блокирање и деблокирање на сметка**

**Член 11**

Согласно позитивните законски акти СБ е должна да го блокира контото на нерезидентот во следниот случај:

- кога нерезидентот нема да ја обезбеди потребната документација за идентификација за ажурирање на податоците
- кога на сметките на нерезидентот правно лице нема промет повеќе од една година

Банката не може да врши никакви плаќања со средствата на контата по нивното блокирање се до ажурирањето на потребната важечка документација за идентификација на нерезидентот, односно до добивање на инструкции од нерезидентот за еднократен пренос на средствата на неговото конто кај друга овластена банка во земјата односно на негова сметка кај странска банка.

Деблокада на контото Банката ќе изврши по доставување на важечка документација за идентификација

Банката не може да врши никакви плаќања со средствата на контата по нивното блокирање се до ажурирањето на потребната важечка документација за идентификација на нерезидентот, односно до добивање на инструкции од нерезидентот за еднократен пренос на средствата на неговото конто кај друга овластена банка во земјата односно на негова сметка кај странска банка.

Деблокада на контото Банката ќе изврши по доставување на важечка документација за идентификација

**Затворање на сметка**

**Член 12**

СБ ги затвора контата на Комитентот на:

- на писмено барање на законскиот застапник на комитентот,
- врз основа на закон

Контата од овој договор неможат да се затворат ако комитентот има неизвршени обврски.

Во случај на писмено барање за затворање на сметка од овој договор се применува отказен рок кој не може да биде пократок од еден месец.

СБ може да ги затвори контата на Комитентот согласно Интерните процедури на банката и во случаи определени согласно позитивните законски акти.

СБ ја затвора денарската сметка на Комитентот учесник во платниот промет во случај кога на сметката нема салдо и промет во последните две години и не е блокирана, и за тоа го известува Комитентот.

**Останати одредби**

**Член 13**

Комитентот е должен да ја извести СБ за промена на неговите податоци дадени во СБ при отворањето на девизното/ денарското конто под ИД бројот на комитентот, веднаш но не подолго од 3 работни дена од настанувањето на промените.

СБ не презема какво била одговорност за настаната штета по основ на овој договор во случај на ненавремено доставување на информација за измена на податоци за Комитентот, законскиот застапник и за овластеното / овластените лица.

Со потпишување на овој договор клиентот е согласен неговите податоци наведени во преамбулата на овој договор СБ да ги обработува и чува согласно позитивните законски акти.

**Член 14**

Комитентот ја овластува СБ, без посебно овластување, а врз основа на овој договор, побарувањата на СБ од комитентот по основ на кредити и други пласмани кои не се платени во договорен рок да ги наплати од расположливите средства на сите девизни / денарски конта отворени во СБ под ИД број на комитентот наведен во преамбулата на овој договор.

**Член 15**

СБ има право да изврши наплата на трошоците за неактивно конто во одреден период со минимално салдо согласно актите на СБ.

Под неактивно конто од став 1 на овој член се подразбира конто на кое не се евидентирани приливи и одливи, освен приливи по основ на камата, во рок и минимален износ на депозитот одреден во акт на СБ.

**Член 16**

За прашања кои не се регулирани со овој договор се применуваат позитивните законските прописи и актите на СБ што го регулираат отворањето на конта на нерезиденти за девизно / денарско работење.

**Член 17**

Евентуалните спорови по овој договор ги решава Основен суд Скопје 2

**Член 18**

Овој договор е составен во два еднакви примероци од кои по еден задржуваат СБ и комитентот.

| | |
|---|---|
| ------------------------------------ | име и презиме на овластено |
| Потпис на комитентот | лице на филијалата |
| -------------------------------------- | --------------------------------------- |
| име и презиме на референтот | печат и потпис на овластено лице на филијалата |
| ____________________________ | ________________________________ |
| Печат и потпис на<br>референт на СБ | |